## Како да се приклучите на Кампањата Доста!

**„Доста! Надмини ги предрасудите, откриј ги Ромите„** е кампања на Советот на Европа и Европската Комисија за Ромите која што ќе се имплементира во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и бившата Југословенска република Македонија во текот на 2006 и 2007 година.

Доста! Кампањата има за цел да ги сруши **длабоко вкоренетите предрасуди и стереотипи**, кои што за жал сеуште се присатни меѓу мнозинската популација на Европскиот континент, со тоа што ќе се промовира еден позитивен имиџ на Ромите.

Кампањата Доста! не е кампања чии што ексклузивни водители се Советот на Европа и Европската Комисија. Ние најсрдечно ги каниме и граѓаните на земјите учеснички и останатите Европејци, Роми и не-Роми, кои што имаат заеднички цели како и кампањата, да ни се придружат и дадат свој придонес!

Ако и вие сакате да помогнете, постојат повеќе начини да ја поддржите кампањата, започнувајќи од испраќање на пораките на кампањата, па се до борба против стереотипите!

Ако сте Влада, општина, НВО или пак приватна компанија, а сакате да ја поддржите кампањата, можете да ни се придружите и да создадете партнерство со нас. Вашата подршка може да биде со вашиот допринос или пак финансиски, а за сето тоа можете да се информирате контактирајќи не нас во Советот на Европа, Дивизијата за Роми и Патувачи, на адресата: info@dosta.org

### Соработката може да отпочне со:

- Дистрибуирање на контакти со НВО кои што работат со Роми во земјите учеснички;
- Дистрибуција, (исто така по електронски пат) на брошури за Доста! (а во печатена верзија брошурите можат да се добијат по ваше барање од Советот на Европа и од Дивизијата за Роми и Патувачи);
- Информирање на вашата публика за активностите на Доста! (видео конкурсот, училишните конкурси, проекти во доменот на цивилното општество итн.); ве молиме имајте на ум дека сите активности се отворени и за Роми, и за не-Роми;
- Дистрибуирање на интернет адресата (www.dosta.org) и/или пак поврзување на вашата веб страна со нашата;
- Посредување при контактите со можните учесници од вашата земја; посредување при видео интервјуата што ќе бидат објавувани на веб страницата на Доста!

- Прибирање на примери од добри практики од областа на образованието, како и од останатите иницијативи од граѓанското општество кои што промовираат иницијативи за интеграција на Ромите и за меѓукултурен дијалог. Ваквите проекти и иницијативи ќе бидат промовирани преку веб страницата на кампањата и преку Мрежата на Советот на Европа, и ќе партиципираат при конкурсите од областа на школството и граѓанскиот сектор.

**Финансиско партнерство:**

- Асистирање на Секретаријатот на Дивизијата за Роми и Патувачи при конципирање /продукција/дистрибуција на промотвниот материајал (постери, рекламен материјал)
- Учество на Регионалниот Фестивал на Ромската култура со финансиско/логистичко асистирање при организирањето на:
    - Местото за одржување на Фестивалот
    - При барање на партнери кои што финансиски ќе можат да го осигураат учеството на Фестивалот (патни трошоци и сместување за два дена) за 50 млади Роми и не-Роми од секоја земја ученсичка)
- Да се изнајдат можните Роми и не-Роми учесници (локални политичари, актери, спортисити, пеачи) и продукција на кратки (најмногу триминутни) дигитални интервјуа кои што ќе бидат дисперзирани преку интернет страницата и електронскиот билтен.

За повеќе информации на: www.dosta.org

Контакт:
Council of Europe Roma and Travellers Division
Лице за контакт: **Ivana D'Alessandro**

Адреса: Council of Europe
F-67075 STRASBOURG CEDEX
Телефон: +33 (0) 3 88 41 38 54

Факс : +33 3 88 41 27 31

Е-маил:
info@dosta.org

civil-competition@dosta.org

festival@dosta.org